# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за работењето на ГРУПАТА ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје во 2023 година

**Вовед**

Одборот на директори, како орган на управување на ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје, согласно со Законот за трговските друштва должен е на крајот на секоја деловна година да презентира годишен извештај за работењето. Во годишниот извештај органот на управување треба објективно да ги прикаже и да ги објасни главните фактори кои влијаеле на работењето на Друштвото, вклучувајќи ги промените во окружувањето и сл.

Групата ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА, покрај матичното друштво, ја сочинува и ЈУГООПРЕМА АД Скопје. ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје има контролна моќ врз управувањето и политиките на ЈУГООПРЕМА АД Скопје, со процент на учество од 49,985% (48,985% на 31.12.2022 година).

Бројот на вработени во Групата ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА на 31 декември е прикажан во табелата што следи:

| **Број на вработени на 31 декември** | **2023** | **2022** |
|---|---|---|
| ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје | 4 | 2 |
| ЈУГООПРЕМА АД Скопје | 4 | 4 |
| **ВКУПНО** | **8** | **6** |

**Дејност**

Приоритетна дејност што ја обавува ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје е издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп. Друштвото остварува приходи и од дејности во надворешно – трговскиот промет.

Приоритетна дејност што ја обавува ЈУГООПРЕМА АД Скопје според тековната состојба е издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг). Друштвото остварува приходи и од други евидентирани дејности во надворешно-трговскиот промет и трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема и купување и продажба на сопствен недвижен имот.

**Макроекономски и пазарни услови во кои работеше Групата во 2023 година**

Општите услови за работење во текот на 2023 година беа подобрени во однос на претходната година како резултат на намалување на цените на електричната енергија на европските берзи и намалување на цените на енергенсите на светските берзи. Во текот на 2023 година немаше позначајни промени во прописите што имаат влијание врз работењето на Групата.

**Резултати од работењето во 2023 година**

| во илјади денари | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **Вкупно оперативни приходи** | **106.721** | **81.360** |
| **Вкупно оперативни расходи** | **86.471** | **31.422** |
| **Добивка од работење** | **20.250** | **49.938** |
| **Финансиски приходи/расходи** | **-1.040** | **-534** |
| **Добивка пред оданочување** | **19.210** | **49.404** |
| **Данок на добивка** | **-2.650** | **-5.627** |
| **Добивка по оданочување** | **16.560** | **43.777** |

Во 2023 година остварена е добивка по оданочување на Групата во износ од 16.560 илјади денари. Од овој износ 2.794 илјади денари е загуба по оданочување на ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје, а 19.354 илјади денари е добивка по оданочување на ЈУГООПРЕМА АД Скопје.

**Табеларен приказ на приходите од работење**

| во илјади денари | 2023 | 2022 | индекс 2023/2022 | структура 2023 |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на стоки и услуги | 63.170 | 3.786 | 1668,52 | 59,19 |
| Приходи од наемнина | 7.631 | 7.757 | 98,38 | 7,15 |
| Приходи од рефактурирани трошоци | 3.314 | 3.582 | 92,52 | 3,11 |
| Добивка од продажба на основни средства | 105 | - | - | 0,10 |
| Приходи од отстапување на право за градење | 32.501 | 63.647 | 51,06 | 30,45 |
| Приходи од отпис на обврски | - | - | - | 0,00 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | - | 2.424 | - | 0,00 |
| Останато | - | 164 | - | 0,00 |
| **Вкупно** | **106.721** | **81.360** | **131,17** | **100,00** |

Во 2023 година во структурата на приходите од работење, приходите од продажба на стоки и услуги учествуваат со 59,19%, приходите од отстапување на право за градење со 30,45%, приходите од наемнина со 7,15%, и приходите од рефактурирани трошоци со 3,11%

**Табеларен приказ на расходите од работење**

| во илјади денари | 2023 | 2022 | индекс 2023/2022 | структура 2023 |
|---|---|---|---|---|
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 373 | 72 | 518,06 | 0,43 |
| Набавна вредност на прод. стоки и услуги | 54.794 | 3.692 | 1484,13 | 63,37 |
| Трошоци за вработените | 7.342 | 6.161 | 119,17 | 8,49 |
| Амортизација | 4.219 | 3.811 | 110,71 | 4,88 |
| Трошоци за посредничка провизија за заедничко инвестирање и добивање градежна маркица | 3.141 | - | - | 3,63 |
| Трошоци за енергија | 3.602 | 4.110 | 87,64 | 4,17 |
| Трошоци за комунални услуги и вода | 510 | 1.263 | 40,38 | 0,59 |
| Трошоци за одбор на директори | 3.749 | 2.951 | 127,04 | 4,34 |
| Судски, адвокатски и нотарски трошоци | 119 | 831 | 14,32 | 0,14 |
| Трошоци за договор за дело | 652 | 886 | 73,59 | 0,75 |
| Интелектуални услуги | 388 | 363 | 106,89 | 0,45 |
| Наемнини | 1.094 | 1.093 | 100,09 | 1,27 |
| Даноци и други давачки независни од финансискиот резултат | 2.196 | 389 | 564,52 | 2,54 |
| Трошоци за истражување на пазар | 321 | 1.068 | 30,06 | 0,37 |
| Репрезентација, спонзорство, реклама | 1.357 | 2.324 | 58,39 | 1,57 |
| Останати расходи од работење | 2.614 | 2.408 | 108,55 | 3,02 |
| **Вкупно** | **86.471** | **31.422** | **275,19** | **100,00** |

Во 2023 година во структурата на расходите од работење најголемо е учеството на набавната вредност на продадените стоки и услуги со 63,37% трошоците за вработени со 8,49%, трошокот за амортизација со 4,88%, трошоците за енергија со 4,17% и трошоците за одборот на директори со 4,34%.

**Политика на дивиденди**

Во текот на 2023 Групата нема исплатено дивиденди на имателите на обични акции. Во 2024 година не се планира исплата на дивиденди.

**Откупени сопствени акции**

Со состојба 31.12.2023 година ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА АД Скопје поседува 54.417 сопствени акции или 7,774% од акционерската главнина (54.417 сопствени акции или 7,774% од акционерската главнина и на 31.12.2022 година).

**Извори на средства и односот на долгорочниот долг спрема главнината**

За обавување на својата дејност во текот на 2023 година Групата користеше долгорочни кредити. Во структурата на пасивата капиталот и резервите учествуваат со 70,85% (62,94% на 31.12.2022 година), а тековните обврски со 22,80% (32,14% на 31.12.2022 година). Долгорочните обврски во главнината и резервите на 31.12.2023 г. учествуваат со 8,96% (7,82% на 31.12.2022 година).

**Информација за судски постапки**

Со состојба 31 декември 2022 година побарувањето по судска постапка покрената против Групата изнесува 6.150 иљади денари. Раководството на Групата редовно ги анализира можните ризици од загуби по основ на судскиот спор. Иако исходот на судската постапка не може да се утврди со сигурност, раководството смета дека од судската постапка нема да произлезат материјални значајни обврски.

март, 2024 година

Извршен директор

Акционерско друштво ТРГОТЕКСТИЛ МАЛОПРОДАЖБА Скопје